БАЛКАНСКИ САВЕЗ УДРУЖЕЊА ВАСПИТАЧА
BALKANSKI SAVEZ UDRUŽENJA/UDRUGE VASPITAČA/ODGAJATELJA
BALKANS ALLIANCE OF PRESCHOL TEACHERS ASSOCIATIONS/BAPTA

ZBORNIK RADOVA 1

# IGRA DECE I ODRASLIH U ZATVORENIM I OTVORENIM PROSTORIMA

Zlatibor, 2025

**ZBORNIK RADOVA 1**
**"IGRA DECE I ODRASLIH U ZATVORENIM I OTVORENIM PROSTORIMA"**

Издавач:
Newpress Smederevo

Za izdavača
Aca Simić, graf. inž.

Glavni i odgovorni urednik
Slobodanka Radosavljević

***Programski odbor:***

1. ***Prof. dr. Sanja Partalo,*** Filozofski fakultet , univerziteta u Banja Luci
2. ***Dr. Milijana Lazarević,*** Visoka škola strukovnih studija za obrazovanje vaspitača Sremska Mitrovica
3. ***Prof. dr. Snežana Mirasčieva,*** univerzitetski redovni profesor, Fakultet obrazovnih nauka, Univerzitet „Goce Delčev" Štip, Makedonija
4. ***Mr. sc. Alija Lapo,*** predsednik Skupštine BAPTA, Goražde, Federacija BiH
5. ***Slobodanka Radosavljević,*** predsednica UO BAPTA, Smederevo, Republika Srbija
6. ***Marija Starčević,*** diplomirani pedagog, Predškolska ustanova "Dečje carstvo" Velika Plana, Republika Srbija, član Programsog odbora Saveza udruženja vaspitača Srbije,
7. ***Slaviša Vujanović,*** predsednik Udruženja vaspitača i stručnih saradnika Republike Srpske
8. ***Marina Jovanović,*** magistar pedagogije, JU „Centar za predškolsko vaspitanje i obrazovanje" Banja Luka
9. ***Vesna Vujnić,*** doktor medicine, direktor predškolske ustanove „Igralište" Zemun, član Upravnog odbora BAPTA

Štampa:
Newpress Smederevo

Tiraž
400

ISBN–978-86-6164-039-1

## SADRŽAJ

### UVOD


- ***Slobodanka Radosavljević,*** predsednica UO BAPTA, Sažeta refleksija - Zbornik radova Konferencije . . . . . . . . . . 11
- IGRA DJECE I ODRASLIH U RAZLIČITIM OKRUŽENJIMA, ***Prof. dr Sanja Partalo,*** Filozofski fakultet Univerziteta u Banjoj Luci . . . . 13
- PODRŠKA IGRI KAO STVARALAČKI ČIN - PEDAGOŠKI POTENCIJAL ISTRAŽIVANJA MATERIJALA ZA IGRU, ***dr Milijana Lazarević,*** Visoka škola strukovnih studija – Sirmijum, Sremska Mitrovica . . . . . . . . . 21
- ИГРА И ИГРАЧКЕ КАО ПОДСТИЦАЈ ЗА РАЗВОЈ ДЕЦЕ ПРЕДШКОЛСКОГ УЗРАСТА, ***Проф. д-р Снежана Мирасчиева,*** Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип . . . . . 34


### DEČIJA IGRA - STVARALAČKI POTENCIJAL


- РАЗВИЈАЊЕ ИГРЕ И ИСТРАЖИВАЊА КРОЗ ПРОЈЕКАТ ДАНАС ИСТРАЖУЈЕМО ВОДУ, Предшколска установа „Радосно детињство“, Нови Сад . . . . . . . . . . 45
- ДЕЧЈА ИГРА КАО СТВАРАЛАЧКИ ПОТЕНЦИЈАЛ КРОЗ ПРОЈЕКАТ „Како игром до представе“ , Предшколска установа „Перка Вићентијевић“ Обреновац . . . . . . . . . . 51
- IGRA I IGRAČKE KAO PODSTICAJ ZA RAZVOJ PREDŠKOLSKOG DETETA, Vrtec Škratek Svit, Vodice , Slovenija . . . . . . . . . . 56
- ДЕЧЈА ИГРА КАО СТВАРАЛАЧКИ ПОТЕНЦИЈАЛ КРОЗ ПРОЈЕКАТ „НАШ ГРАД – НАШАТА ТРАДИЦИЈА НИЗ ДЕТСКАТА ИГРА“, ЈОУДГ „Виножито“ – Струмица, Р. Северна Македонија . . . . . . . . . . 70
- ИГРА И ИГРАЧКЕ КАО ПОДСТИЦАЈ ЗА РАЗВОЈ ДЈЕЦЕ, Јавна установа за апредшколско васпитање и образовање дјеце „Наша радост“ Требиње . . . . . . . . . . 81
- НАША ИГРА У ПРОЈЕКТУ „ПЧЕЛИЦЕ И ДРУГАРИ ЛЕТЕ НА СВЕ ЧЕТИРИ СТРАНЕ СВЕТА, Предшколска установа „Радосно детињство“, Нови Сад . . . . . . . . . . 86
- MUZIČKE IGRE U FUNKCIJI RAZVOJA DJEČJIH KOMPETENCIJA, JU „Djeca Sarajeva“ Sarajevo . . . . . . . . . . 93
- ДЕЧЈА ИГРА КАО СТВАРАЛАЧКИ ПОТЕНЦИЈАЛ У ПРОЈЕКТУ , Тим основних школа, група година пред полазак у школу, Основна школа „Други шумадијски одред“, Марковац, Основна школа „Вук Караџић“, Крњево . . . . . . . . . . 98

- IGRA I IGRAČKE KAO PODSTICAJ ZA RAZVOJ DJECE PREDŠKOLSKOG UZRASTA, JPU„Dragan Kovačević" Nikšić .......106
- ДЕЧИЈА ИГРА КАО СТВАРАЛАЧКИ ПОТЕНЦИЈАЛ КРОЗ ПРОЈЕКАТ „ЧЕГА МОГУ ДА СЕ ИГРАМ? ПУ "Савски венац" Београд ........121
- IGRE ĐECE I ODRASLIH U ZATVORENIM I OTVORENIM PROSTORIMA, JPU „ Zagorka Ivanović" Cetinje ..................128
- IGRA I IGRAČKE KAO PODSTICAJ ZA RAZVOJ DJECE PREDŠKOLSKOG UZRASTA, JPU „Ljubica Popović" Podgorica ......134
- ОД ИГРЕ ДО ПОЗОРНИЦЕ – ДЕЧЈА ИГРА КАО СТВАРАЛАЧКИ ПОТЕНЦИЈАЛ, Predškolska ustanova „11. april" Novi Beograd .......140
- УТИЦАЈ ГЛУМЕ И ПЛЕСА НА РАЗВОЈ ДЕЧЈЕ КРЕАТИВНОСТИ И ЕМОЦИОНАЛНЕ ИНТЕЛИГЕНЦИЈЕ: МЕЂУДИСЦИПЛИНАРНИ ПРИСТУП, Предшколска установа „ Ђурђевдан" Крагујевац ........147
- ŠUMA KAO PROSTOR ZA IGRU I RAZVOJ DETETA, Vrtec Otona Župančiča Slovenska Bistrica .........................154
- ИГРА ДЕЦЕ И ОДРАСЛИХ У ЗАТВОРЕНОМ И ОТВОРЕНОМ ПРОСТОРУ„Бубамарина клиника", ПУ „Радносно детињство", Нови Сад .....................................159
- ПЕРЦЕПЦИЈЕ РОДИТЕЉА И ДЈЕЦЕ О ЗАЈЕДНИЧКОЈ ИГРИ У ПОРОДИЧНОМ ОКРУЖЕЊУ У РАЗЛИЧИТИМ ПРОСТОРНИМ УСЛОВИМА, Јавна установа Центар за предшколско васпитање и образовање Лакташи ................................164
- DEČJA IGRA KAO STVARALAČKI POTENCIJAL Vrtić Škratek Svit, Vodice .........................................173
- ТРАДИЦИОНАЛНЕ И САВРЕМЕНЕ ИГРЕ И ИГРАЧКЕ КАО ПОДСТИЦАЈ ЗА РАЗВОЈ ДЕЦЕ, Predškolska ustanova „11. april" Novi Beograd ....................................187
- ИГРА КАО СТВАРАЛАЧКИ ПОТЕНЦИЈАЛ У ПРОЈЕКТУ "У СВЕТУ БОЈА", Предшколска установа "Наша радост", 11 300 Смедерево, Србија .......................................195
- UTICAJ IGRE I IGRAČAKA NA RAZVOJ DJECE, JU "Djeca Sarajeva" Sarajevo .......................................202
- СТИМУЛАЦИЈА ЦЕЛОКУПНОГ РАЗВОЈА ДЕЦЕ КРОЗ ИГРУ, Предшколска установа Ужице ............................207
- МОТОРИЧКЕ ИГРЕ У ЗАТВОРЕНОМ И ОТВОРЕНОМ ПРОСТОРУ И ЊИХОВ УТИЦАЈ НА РАЗВОЈ ДЕЦЕ ПРЕДШКОЛСКОГ УЗРАСТА, ЈОУДГ„Мајски Цвет" Битола, Македонија ....................214

- РАЗВИЈАЊЕ ОГРЕ И ИСТРАЂИВАЊА КРОЗ ПРОЈЕКАТ „ГДЕ ИДЕ АУТОБУС?“, Предшколска установа „Радосно детињство“, Нови Сад ....220

**UČEŠĆE DECE I ODRASLIH U STRUKTURIRANJU PROSTORA**

- ИГРА ДЕЦЕ И ОДРАСЛИХ У ОТВОРЕНОМ И ЗАТВОРЕНОМ ПРОСТОРУ, Приватна предшколска установа “Чуперак” Краљево ...229
- КРЕИРАЊЕ МРЕЖЕ ОДНОСА КРОЗ УРЕЂЕЊЕ ФИЗИЧКЕ СРЕДИНЕ , ПУ„Влада Обрадовић Камени”,Пећинци ....242
- УЧЕШЋЕ ДЕЦЕ У ОСМИШЉАВАЊУ ПРОСТОРА КРОЗ РАЗЛИЧИТЕ ТЕМЕ/ПРОЈЕКТЕ, Предшколска установа „Наша радост“, Сопот ....249
- PROSTOR LOKALNE ZAJEDNICE U FUNKCIJI DEČJEG UČENJA I RAZVOJA, Predškolska ustanova ‘’Bambi” Bor ....255
- ИСТРАЖИВАЧКА ШУМАКАО ПРОСТОР КОЈИ ПОДРЖАВА ЗАЈЕДНИЦУ УЧЕЊА, Предшколска установа „Олга Јовичић-Рита“ Пожега ....261
- UČEŠĆE DECE U OSMIŠLJAVANJU PROSTORA KROZ IGRU, P.U. „Radosno detinjstvo“, Novi Sad ....266
- PROSTOR ZA IGRU, ZAJEDNIŠTVO I UČENJE„VESELA VASIONA“ JPU „Vukosava I. Mašanović“ Bar ....271
- DEČJE OKRUŽENJE ZA IGRU I UČENJE KAO TEMELJ KREATIVNOSTI, Vrtec Litija, Slovenija ....277
- GRAĐENJE VRTIĆKE ZAJEDNICE - GRAĐENJEM POVEZIVANJE VRTIĆA SA MESTIMA ZA UČENJE U OKRUŽENJU, Predškolska ustanova „11. april“ Novi Beograd ....284
- IGRA PO MERI DETETA- Vrtec Litija, Litija Slovenija ....289
- IGRA DJECE I ODRASLIH U ZATVORENIM I OTVORENIM PROSTORIMA –KAKOSMO PROSTOR, PPU.„ARTIĆ.PINOKIO“ Podgorica ....297
- RAZIGRANI DANI PORODICE U VRTIĆU KALIMERO, PU„Radosno detinjstvo“ Novi Sad ....303
- RAZVIJANJE PRAKSE KROZ PROJEKAT “EMOCIJE POKAZUJEMO DOK SE IGRAMO I DRUŽIMO”, JPU: “Solidarnost” Ulcinj ....308
- KROZ IGRU DO SAZNANJA DA JE ZDRAVLJE MOJA SNAGA, JPU „Vukosava Ivanović Mašanović“,Bar ....318

- UČEŠĆE DECE I RODITELJA U PROJEKTU „OD PROVOKACIJE DO LIJEPOG PROSTORA“, Predškolska ustanova PPU „Osmjeh“, Kotor, Crna Gora . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .326

**POVEZIVANJE IGRE I PLANIRANIH SITUACIJA UČENJA**

- ЗАЈЕДНИЧКА ИГРА ДЕЦЕ И ОДРАСЛИХ КРОЗ ПРОЈЕКАТ „ Спортски дани“,Предшколска установа „Радосно детињство“, Нови Сад . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .337
- DJEČJA IGRA I ISTRAŽIVANJE U KUTCIMA VRTIĆA, Vrtec Ciciban Sevnica, Slovenija . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .341
- ИГРА И ПЛАНИРАНЕ СИТУАЦИЈЕ УЧЕЊА- ПОВЕЗИВАЊЕМ ДО РАЗУМЕВАЊА „МАЛИМ КОРАЦИМА КА ВРХУ“, ПУ „Лане” Гроцка . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .351
- IGRA U PROJEKTU UTRINKI – POVEZIVANJE IGRE I PLANIRANIH OBRAZOVNIH SITUACIJA, Vrtec “Otona Župančiča” Slovenska Bistrica . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .358
- KAKO POVEZUJEMO IGRU I UČENJE KROZ PROJEKAT U VRTIĆKOJ ZAJEDNICI, Partizanska cesta 1e, 4220 Škofja Loka . . . . . . . . . . . . . . . . .369
- ИГРА И ИСТАРЂИВАЊЕ ДЕЦЕ И ВАСПИТАЧА КРОЗ ПРОЈЕКАТ „КАД СЕ ЕКРАН УКЉУЧИ, ДЕТЕ СЕ ИСКЉУЧИ“, ПУ „Лане” Гроцка . . . . 378
- КАКО СМО ПОВЕЗИВАЛИ ИГРУ И ПЛАНИРАНЕ СИТУАЦИЈЕ УЧЕЊА КРОЗ ПРОЈЕЛАТ“СМАЈЛИЋИ КОЈИ ГОВОРЕ“, Ј ПУ ‘‘Пчелица”; Ниш . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .384
- RAZVIJANJE IGRE I ISTRAŽIVANJA KROZ PROJEKAT „DA LI SE »SAMO« IGRAMO?“, Vrtec Ciciban Novo mesto . . . . . . . . . . . . . . . . . . .388
- ПОДРШКА ДЕЧЈОЈ ДОБРОБИТИ У ЗАЈЕДНИЧКОЈ ИГРИ ДЕЦЕ И ОДРАСЛИХ, ПУ „Др Сима Милошевић“, Београд - Земун . . . . . . . . .400
- VIDLJIVOST VREDNOSTI KOJE NEGUJEMO U PROSTORIMA VRTIĆA, Predškolska ustanova „Rakovica“, Beograd . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .405
- RAZVIJANJE IGRE I ISTRAŽIVANJA KROZ PROJEKAT „IGROM NA PUT OKO SVIJETA“, JU ”Djeca Sarajeva” Sarajevo, Federacija BiH . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .412
- ИГРА И ПЛАНИРАНЕ СИТУАЦИЈЕ УЧЕЊА У ВРТИЋАМА КРОЗ ИГРУ, Предшколска установа „Радост“ Нови Бановци . . . . . . . . . . . . .417
- JAČANJE OBRAZOVNOG OKRUŽENJA KROZ IGRU NA OTVORENOM, Vrtec Najdihojca, Ljubljana . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .422

D PROVOKACIJE DO
'U „Osmjeh“, Kotor,
. . . . . . . . . . . . . . . . . . .326

IJA UČENJA

ОЗ ПРОЈЕКАТ „
о детињство“,
. . . . . . . . . . . . . . . . . . .337

'RTIĆA, Vrtec Ciciban
. . . . . . . . . . . . . . . . . . .341

ІОВЕЗИВАЊЕМ ДО
ХУ“,
. . . . . . . . . . . . . . . . . . .351

IGRE I PLANIRANIH
čiča”
. . . . . . . . . . . . . . . . . . .358

PROJEKAT U VRTIĆKOJ
ka . . . . . . . . . . . . . . . . .369

А КРОЗ ПРОЈЕКАТ „КАД
У „Лане” Гроцка . . . . 378

АНЕ СИТУАЦИЈЕ
ГОВОРЕ“,
. . . . . . . . . . . . . . . . . . .384

ROJEKAT „DA LI SE
. . . . . . . . . . . . . . . . . . .388

ЧКОЈ ИГРИ ДЕЦЕ И
ад - Земун . . . . . . . . .400

U PROSTORIMA VRTIĆA,
. . . . . . . . . . . . . . . . . . .405

ROJEKAT
rajeva” Sarajevo,
. . . . . . . . . . . . . . . . . . .412

ВРТИЋАМА КРОЗ
новци . . . . . . . . . . . . .417

IGRU NA OTVORENOM,
. . . . . . . . . . . . . . . . . . .422



- МОГУЋНОСТИ ТРАНСФОРМАЦИЈЕ ИНСПИРАТИВНОГ ПРОСТОРА У ФУНКЦИЈИ ПОДСТИЦАЊА УЧЕЊА УЗ КОНСУЛТОВАЊЕ ДЕЦЕ, Предшколска установа „Савски венац“, Београд . . . . . . . . . . . . . . . . . .428
- POVEZIVANJE IGRE I PLANIRANE SITUACIJE UČENJA U NAŠEM VRTIĆU, Predškolska ustanova “Poletarac”, Stara Pazova . . . . . . . . . . . . .345
- ПОВЕЗИВАЊЕ ИГРЕ И ПЛАНИРАНЕ СИТУАЦИЈЕ УЧЕЊА У ПРОЈЕКТУ „КАКО ДО“, ПУ „Ракила Котаров Вука“ Лазаревац . . . . .440
- СИМБОЛИЧКО ИЗРАЖАВАЊЕ – ЛИНИЈА КАО СРЕДСТВО ПРЕДСТАВЉАЊА И КОМУНИКАЦИЈЕ, Предшколска установа „Радосно детињство“ Нови Сад . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .446
- УЛОГЕ ВАСПИТАЧА У ИГРИ И ПЛАНИРАНИМ СИТУАЦИЈАМА УЧЕЊА У ЈАСЛИЦАМА, ПУ ‘’Радост” Нови Бановци . . . . . . . . . . . .452

***Проф. д-р Снежана Мирасчиева***
Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип
smirascieva@gmail.com; snezana.mirascieva@ugd.edu.mk,

# ИГРА И ИГРАЧКЕ КАО ПОДСТИЦАЈ ЗА РАЗВОЈ ДЕЦЕ ПРЕДШКОЛСКОГ УЗРАСТА

Абстракт

Рад је фокусиран на игре и играчке и њихов значај у развоју деце предшколског узраста. Предмет интересовања су игре у њиховом значењу, вредности и суштини. Средстава у игри називају се играчке које, заједно са игром представљају свакодневну стварност деце предшколског узраста. Како игра и играчке могу бити подстицај за когнитивни, социо-емоционални и комуникативно-лингвистички развој деце, које су играчке добре и како одабрати најбољу играчку, питања су која су у фокусу наше пажње у раду и на која ћемо покушати дати одговор.

Кључне речи: игра, играчке, развој, предшколско дете.

# PLAY AND TOYS AS A STIMULUS FOR THE DEVELOPMENT OF PRESCHOOL CHILDREN

Abstract

The paper is focused on play and toys and their significance in the development of preschool children. The subject of interest is plays in their meaning, value and essence. Play media are called toys which, together with play, represent the everyday reality of preschool children. How play and toys can encourage a child's cognitive, socio-emotional, and communicative-linguistic development, which toys are good, and how to choose the best toy are questions that are the focus of our attention and that we will try to answer.

Key words: play, toys, development, preschool child.

# ИГРАТА И ИГРАЧКИТЕ КАКО ПОТТИК ЗА РАЗВОЈ НА ДЕЦАТА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ

Апстракт

Трудот е насочен кон играта и играчките и нивното значење во развојот на детето од предучилишна возраст. Предмет на интерес се игрите во нивното значење, вредност и суштина. Средствата за игра се нарекуваат играчки кои заедно со играта претставуваат секојдневна

реалност на детето од предучилишна возраст. Како играта и играчките можат да го поттикнат когнитивниот, социоемоционалниот и комуникациско-јазичниот развој на детето, кои играчки се добро, како да се избере најдобрата играчка се прашања кои се во фокус на нашето внимание и на кои ќе се обидеме да дадеме одговор.

Клучни зборови: игра, играчка, развој, преддучилишно дете.

**Вовед**

Целта на воспитанието и образованието е развивање на оптимумот на секое дете, подготовка за живот во времето во кое живее и цивилизацијата во која се движи. А цивилизацијата во XXI век е цивилизација која учи и која бара подготвени личности за учење, личности кои перманентно ќе учат и ќе располагаат со функционално знаење. Проблемите на денешницата се комплексни и интегрирани, и се препознаваат во нашето опкружување. Таквите проблеми бараат и интегрирани решенија кои се темелат на релевантност, практичност и одржливост. На тие начела се темели и интегративната дидактика која го преферира и наметнува интегрираното учење односно промовира модел на интегриран пристап во воспитно-образовната работа развивајќи нова парадигма на учење која се фокусира на три различни видови резултати на учењето: да се знае, да се умее/работи и да се биде. Образованието за 21 век интенционално е насочено кон четири главни подрачја: образование - да се биде; образование за знаење; образование за акција/делување и образование за заеднички живот (UNESCO,Delors,1998). Предучилишниот период е период од развојот на личноста кога играта и играчките имаат огромно значење. Во првиот дел од трудот ќе стане збор за играта на детето и нејзиното значење, а во вториот дел за играчките.

**Играта и предучилишното дете**

**Определби на поимот и значењето на играта**

Да се определи суштината на играта значи да се определи поимот. Играта е средство за воспитување (Платон), задолжително занимање (Аристотел), неопходна форма на дејствување на децата во која треба да земат учество и родителите (Ј.А.Коменски), пат за развој на мислењето, волјата и самоводење и самоконтрола (Л.Виготски), начин на учење и израз на одредена храброст на детето, начин за откривање, идеализирана проекција на животот и субјективното, води кон задоволство, иако понекогаш го отежнува (Џ.Брунер). Воспитно-образовниот процес треба да биде игра во која детето ќе се радува, кога знае, ќе биде пофалено, ќе рече М.Ф.Квинтилијан. Играта како

специфична форма на културна дејност, е социјално-психолошки феномен кој има свои законитости и историја на развој и ги опфаќа сите периоди од животот на човекот. Таа е спонтана активност која постои речиси кај сите деца, што се карактеризира со фактот дека ова е однесување кое само по себе е награда (Бруно, 1992). "Играта нема цели на кои им служи, таа целите и значењето ги содржи во самата себе. Играта не е заради некое идно „блаженство", таа сама по себе е „среќа" (Е.Финк), активност која сама по себе предизвикува задоволство кај детето. Играта има целнонасочен карактер бидејќи се темели на високо емоционална, сознајна и социјална основа и создава услови за интензивен развој на детето. Станува збор за творечка активност која произлегува од внатрешните потреби на детето и е секогаш различна, поинаква и неповторлива.

*Што значи играта за детето*?. Со играта детето:

- ја запознава околината која го опкружува, луѓето и нивните односи (испитува, соживува, замислува); и го стекнува првото самостојно и креативно искуство со околината.
- решава судири, конфликти, страв, проблеми и ја проектира сопствената личност;
- е сериозна и важна активност на детето, во која совладува пречки и решава проблемски ситуации, односно ги проверува и покажува своите физички и интелектуални способности; има можност за вежбање на способноста за издржливост;
- изразува сé што во вистинскиот (реален) живот не му е допуштено;
- стекнува самодоверба; владее со ситуацијата; го работи она што го сака;
- влегува во улоги кои возрасните ги имаат во вистинскиот живот (затоа играта има функција на подготовка за живот); Играта на детето му помага да ги развива вештините кои ги забележува кај возрасните, а кои воедно ќе му служат понатаму.

*Посебна важност за детето има играта со родителите затоа што таа му обезбедува чувство на веселост, сигурност и приврзаност*. Играта е облик, средство и метод на учење во воспитно-образовниот процес. Сознанијата дека учењето низ игра е поинтересно упатува на бројните предности на играта во процесот на воспитание и образование како:

- лесно се постигнува висок степен на концентрација
- емоционалниот став на детето кон играта е попозитивен отколку кон „сериозно" учење





- активноста на детето во играта е поголема отколку во некој друг облик на учење
- во играта децата помалку се заморуваат отколку при некој друг облик на работа
- играта ја зголемува мотивацијата, интересот, привлекува поголемо внимание, па учењето станува поинтересно;
- учењето и помнењето на факти е поделотворно при играта а научените содржини децата подолго време ги помнат и полесно го применуваат;

Играта придонесува за развојот на психофизичките функции на детето, способностите и знаењето и создава услови за формирање на емоционално стабилни, социјализирани и креативни личности.

*Однесувањето на детето во играта може да биде индикатор за неговиот емоционален и интелектуален развој*. Од тука играта може да се користи за дијагностички и терапевтски цели. Пијаже го истакнал влијанието на играта врз детскиот развој кој поминува низ три стадиуми: сензомоторна игра (од раѓање до 2 год.); симболична игра ( од 2 до 4 год.) и игра со правила.

**Играчките и предучилишното дете**

**Поглед низ историјата**

Детската играчка има долга историја. Нејзината историја е долга колку што е долга историјата на воспитанието на детето. Првата кукла (слична на денешната) е направена во XVI век во Германија. Кукли се пронајдени во египетските пирамиди и грчки и римски саркофази, направени од дрво (според арехолошките истражувања, а како експонати се чуваат во музеите). Старите Кинези правеле кукли од процелан, Индусите од дрво и слонова коска, а Индијанците од земја. Римјаните правеле минијатурни мечеви, коња и кациги, а кај Французите биле популарни оловните војници уште во XVIII век. Играчки - локомотиви се правени по пронаоѓање на железницата (така на пример, првите железни вагони на шини се употребувале уште во XVI век во Германија и Англија за превоз на ископана руда, влечени од коњи. Ако се земе во предвид фактот дека со првата парна локомотива која ја конструирал англ. инг. Џорџ Стивенсон (1781-1848) во 1814 г. започнува развојот на железницата со градбата на удобни патнички и товарни вагони, па првата јавна железница е воспоставена на 27.09.1825 г. меѓу Стоктон и Дарлингтон во Англија. Фабричко производство на детски играчки почнува во средината на XIX век во Белгија, а подоцна и во Нирнберг/Германија. Први обиди за проучување на играчката направиле Фидрих Фребел („систем на

подароци“) и Марија Монтесори (материјали за работни процеси) во XIX век кои укажале дека детето има потреба од средства за игра, средства кои ќе влијаат на неговиот развој во целост и ќе му овозможат содржинско богато детство.

**Што е играчка - определување на поимот**

Играчката е збор кој произлегува од зборот игра. Во таа смисла се определува како средство за игра, посредник меѓу субјектот кој игра и самото дејствие односно акција, средство за запознавање на околината и средство со кое детето се изразува. Играчката е: меѓа меѓу живиот и неживиот свет; има душа и е основа на детската игра; е во нераскинлива врска со поимот игра; дава идеја за игра и ја определува содржината на играта; поттикнува на активност, на размислување, на творештво; го проширува знаењето; ја обезбедува детската радост; е другар во играта, детето ѝ дава душа на играчката, преобразувајќи ја според своите желби и фантазија.

**Класификација и видови на играчки**

Постојат различни класификации кои поаѓаат од различни критериуми како: содржина на играта; материјал за игра; цели на играта; возраста на детето; бројот на деца кои ќе си играат. Марија Бартушкова, играчките ги дели според видовите на игри па говори за: тематски игри (кукли, сообраќајни средства,мебел,..); игри на драматизација (мал театар и кукли); за конструктивни игри (сложувалки, градежен материјал, алат); за подвижни игри (топки, обрачи, јаже за прескокнување). А.И.Сорокина говори за: играчки со содржина (ликовни играчки); спортско-моторни играчки, дидактички играчки (за интелектуален развој како разни стапчиња, плочки, пирамиди различни по боја и големина); печатени играчки кои се подвид на дидактичките играчки (томбола, парни слики); градежно-конструктивни играчки(хартија, картон, текстил, коноп, шишарки). Во детските градинки, најчесто се класифицираат по т.н. катчиња. Детето секој ден учи низ игра, а за играта му е потребна играчка. Играчка е секој предмет кој детето го користи за игра како каменчиња, алат, градежен материјал .....(Ђ.Мандић). Играчките се важен дел од детството. Тие го разубавуваат детскиот свет и детската игра и му помагаат на детето да го „оживее“ својот свет, затоа детето треба да си игра само со добри играчки! Се поставува прашањето како се препознава добрата играчка, која играчка е најдобра, која играчка има најголема вредност. Играчките имаат дидактичка вредност тогаш кога:

- 1.ги исполнуваат: педагошките, хигиенските и естетски барања:
- а.педагошки барања – соодветствува на целите на воспитанието, прилагодена на возраста на детето и неговите развојни можности, да буди ведро расположение и симпатија, да поттикнува на активност и радост во играта, да ја поттикнува фантазијата, да предизвикува насмевки (кукли кои може да ги облекува);
- б. хигиенски барања – без остри ивици и метални делови, лесно да се дезинфекцира и пере, со постојани бои, лесно да се собира и одржува;
- в. естетски барања - „да биде прва школа за уметнички вкус“, да буди естетски чувства, со едноставен и хармониски облик и линии, со светли бои;
- 2. се изработени од самото дете;
- 3. се изработени заедно со родителите и потоа заедно се користат во играта;
- 4. се изработени од воспитувачот кој треба да знае да прави играчки но и да умее да ги научи децата сами да прават играчки.

**Најчесто поставувани прашања**

Во делот што следи ќе се обидеме да дадеме одговор на најчесто поставуваните прашања кои предизвикуваат дилеми.

1. Детето повеќе не го интересира ниту една играчка! Зошто? Доаѓа до презаситеност, поради следниве причини:

- Играчката не е прилагодена на возраста на детето - Доколку не е одмерена на возраста, детето не знае што треба да работи со неа, па или ја игнорира или ја фрла. Можеби ќе му биде потребна подоцна, затоа ќе му се понуди тогаш кога ќе дојде вистинското време;
- На детето не му е дозволено да ја запознае играчката! – Кога детето ќе ја земе играчката треба да му се допушти да манипулира со неа, без објаснување и покажување. Можеби нема да ја користи така како што треба, но понекогаш ќе осмисли своја игра бидејќи има таква идеја.
- Премногу играчки - Оваа причина не мора секогаш да биде точна ( пр. Во играта со кукли, треба да има повеќе). Но премногу играчки во кутии, скршени делови, сите играчки заедно не е добро решени. Можеби класификацијата на играчките според намената(коцки, сложувалки, кукли, автомобили) ќе бидат видливи за децата и поинтересни.
- Играчките како замена за потребите на децата – Детето со своето однесување секогаш ќе покаже дека нешто не е во ред и

дека има потреба од возрасниот(родител, воспитувач). Тогаш не му е потребна играчка туку разбирање и помош. Кога ќе бидат задоволени неговите потреби, тогаш безбрижно ќе продолжи да игра.

2. Може ли детето без играчки? НЕ, не може! Претходно кажаното не значи дека на детето треба да му ги скратиме играчките. Играчките се многу важни, но и времето со родителите, играта со врсниците, играта со природни материјали им се важни на децата.

Играчките не се сами по себе цел на играта, туку тие се дел од играта. На пример во игрите во природа, нема да бидат потребни. Затоа на децата треба да им се создадат услови и можности сами да избираат кога и колку сакаат да ги користат играчките.

3. Каде грешиме? Премногу рано или премногу доцна им даваме играчки поттикнати од разни реклами и препораки од околината, дека сите играчки се едукативни. Ова е проблем затоа што за да може детето да си игра со играчката треба да има развиено одредени способности и да знае како функционира таа играчка. Во спротивно, играчката не е интересна. И покрај неуспешните обиди, тие се упорни затоа што неговите врсници ја користат таа играчка а и е „добра за неговиот развој“. Секоја играчка што се рекламира не е неопходна! Имаат премногу исти играчки и делови со кои воопшто не си играат, кои прават неред и во собата и во главата на детето; сите играчки се наоѓаат во кутии.

4. Кои се „добри“ играчки? Целтта на играчките е да го разубават и дополнат детството. Ако внимателно ги набљудуваме децата, ќе забележиме дека тие не бараат многу играчки. Децата при изборот се определуваат за играчки:

- кои имаат убави бои - јасните бои го привлекуваат вниманието на децата и ги инспирираат за нови игри;
- кои имаат некоја задача ( сложувалки, повлечи, додај, дополни);
- од кои може да смислат нова игра ( играчки- геометриски тела, коцка...);
- за самостојни игри (сложувалки, коцки, кукли);
- кои им се понудени од возрасните - возрасните имаат влијание на децата посебно кога ќе им понудат играчка тогаш кога ја разбираат играта со неа, се покренуваат нови идеи и забава.

**Играта и играчките и развојот на детето**

Играта е вредна затоа што придонесува за холистички развој на детето. Има непроценлива вредност, секоја игра придонесува за развој на комуникациските способности. Играта сама по себе поттикнува

љубопитност и иницијативност, ја развива креативноста и поддржува истрајноста. Играта има комуникациски карактер, при што се развива јазикот, се богати речникот, се поттикнува говорното творештво.

Во суштина, играта е активност, во која детето е главниот актер. Затоа велиме дека играта е во функција на моторички развој, груба и фина моторика, здравје и безбедно однесување и сензомоторен развој. Содржината на играта го димензионира когнитивниот развој и поттикнува сознајните интересИграчките сами по себе не се проблем. Играта се игра со играчките. Сите играчки се потенцијално добри и можат позитивно да влијаат на детето. Според К.Д.Ушински, за детето најдобра играчка е онаа која може да ја менува на различни начини! Сме забележале дека децата најчесто посакуваат предмети од опкружувањето кои не се за игра. Тоа е така делумно поради тоа што гледаат дека ние возрасните ги користиме, и делумно затоа што тие го покренуваат нивниот натамошен развој. Затоа, „Следете ги вашите деца, сами ќе ви покажат што им е потребно"!

**Порака наместо заклучок**

Не грижете се ако децата не Ве слушаат, но грижете се затоа што секогаш Ве гледаат!

И да не се заборави, децата немаат потреба од многу играчки. Потребни им се оние вистинските кои го следат и поттикнуваат нивниот развој.

На крај, играчката треба да придонесе детето да го сфати нашиот свет во потполна реалност и да му помогне да го менува, развива и унапредува. Во таа смисла Едвард Сегуен ќе каже „Книгите не можат да го научат детето она што играчките можат да влијат на детето".

**Користена литература**


- Bredekamp, S. (1996). *Kako djecu odgajati.* Zagreb: Educa.
- Bruno, F. J. (1992). *The family encyclopedia of child psychology and development.* New York: John Wiley & Sons
- Garvey, C. (1990). *Play.* Cambridge: Harvard University Press
- Duran, M. (2003). *Dijete i igra.* Jastrebarsko: Naklada Slap.
- Eljkonjin, B.D.(1984).*Psihologija dečje igre.* Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva
- Иванова, Г.(2000). *Педагогически игрови технологии.* Пловдив: ЕТ„Нике-РБ"
- Jesper. J. (1996). *Vaše kompetentno dijete: za nove temeljne vrijednosti obitelji.* Zagreb:Educa

- Katz G. V. i Mellelian I. D.(1999) *Poticanje razvoja dječje socijalne kompetencije*. Zagreb: Educa
- Miljak, A. (1996). *Humanistički pristup teoriji i praksi predškolskog odgoja. - model.* Zagreb: Izor.Persora.
- Miljak, A. (1987). *Uloga komunikacije u razvoju govora djece predškolske dobi.* Zagreb: Školske novine
- МТСП. (2014). *Програма за рано учење и развој.* Скопје:Сл.в. на РМ, бр.46 од 06.03.2014
- Prebeg – Vilke, M. (1991). *Vaše dijete i jezik. Zagreb*: Školska knjiga.
- Rajović, Dr R. (2012). *Kako uspešno razvijati IQ deteta kroz igru.* Novi Sad:Smart production
- Tamis-LeMonda, C. S., Užgiris I. Č., Bornstein, M. H. (2000). Play in parent-child interactions. во Bornstein, M.H. (ur). *Handbook of parenting, vol.5.* London: Lawrence Erlbaum Associates, Publishers, стр.221-241.
- Толичић, И.(1966). *Дете упознајемо у игри.* Београд: Завод за издавање уџбеника
- Trnavac,N.(1979*). Dečja igra - opšta pedagoška pitanja.* Gornji Milanovac: Dečje novine
- Šagud, M., Petrović-Sočo, B. (2001). Simbolička igra predškolskog djeteta u institucijskom kontekstu. *Napredak. Vol. 142, No.1,* стр. 61-70.